**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ
# за напредокот на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 во 2020 година

***(Согласно член 30, став 3 од Секторскиот договор)***

**Седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**Ноември 2020**

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ........................................................................................................ 3

II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ................................................................... 3
1. ИПАРД инфо денови ................................................................................ 3
2. ИПАРД форум ........................................................................................... 7
3. ИПАРД работилници .................................................................................. 9
4. Доставување на директни информации ................................................. 10
5. Појавувања во национални и локални медиуми .................................... 10
6. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020 .......................................................................................... 11
7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014-2020, брошури и постери ................................... 12
8. Изработка и објава на аудио и видео спотови........................................ 12
9. Ажурирање на веб страницата на www.ipard.gov.mk ............................ 13

Прилог 1 Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година ....................................................................... 14
Прилог 2 Посетеност на ИПАРД веб страницата ............................................. 15
Прилог 3 Медиумите за ИПАРД – Press Kliping ................................................ 16
Прилог 4 Листи на крајни корисници ................................................................ 22

## I. ВОВЕД

Реализирани активности со Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година, и се спроведуваат во согласност со Годишниот план (Прилог 1), и тоа планираните активности поодделно се однесуваат на:

- Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020
- ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања
- Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014-2020,
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014-2020
- Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014-2020
- Изработка и објава на аудио и видео спотови
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk

Институции кои имаат одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Организирање на ИПАРД инфо денови

Во периодот од јануари до ноември 2020 година продолжи да се спроведува Кампањата за публицитет која започна со потпишување на договор за спроведување на Кампања за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 на 21 ноември 2018 година со фирмата 3Д Проект Студио–Скопје. Активностите од договорот беше планирано да се реализираат во период од 18 месеци. Од причина што пандемијата со КОВИД-19 го одложи реализирањето на настаните односно сите активности поврзани со физичко присуство на лица, договорот беше продолжен до 21 ноември 2020 година односно реализацијата на активностите од 18 месеци се продолжи на вкупно 24 месеци.

Во првите три месеци од 2020 година, во рамките на Кампањата одржани се вкупно 46 инфо денови во четириесет и шест општини/рурални места каде потенцијалните корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираа за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој - ИПАРД 2014-2020.

На 28 декември 2019 година објавен е јавен повик 02/2019 година за мерка 3 Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Телото за управување со ИПАРД ги реализираше инфо денови за спроведување и користење на

Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој – ИПАРД 2014-2020 со особено внимание на мерката 3 во месец јануари 2020 година според табелата дадена подолу.

| бр | Локација | датум | време | мерка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ранковце | 9 јануари 2020 (четврток) | 10.00 | мерка 3 |
| 2 | Свети Николе | 9 јануари 2020 (четврток) | 14.00 | мерка 3 |
| 3 | Струмица | 10 јануари 2020 (петок) | 11.00 | мерка 3 |
| 4 | Прилеп | 15 јануари 2020 (среда) | 11.00 | мерка 3 |
| 5 | Тетово | 16 јануари 2020 (четврток) | 10.00 | мерка 3 |
| 6 | Кичево | 16 јануари 2020 (четврток) | 14.00 | мерка 3 |
| 7 | Карпош | 17 јануари 2020 (петок) | 10.00 | мерка 3 |
| 8 | Аеродром | 17 јануари 2020 (петок) | 14.00 | мерка 3 |
| 9 | Битола | 23 јануари 2020 (четврток) | 11.00 | мерка 3 |
| 10 | Градско | 24 јануари 2020 (петок) | 11.00 | мерка 3 |
| 11 | Кочани | 28 јануари 2020 (вторник) | 11.00 | мерка 3 |
| 12 | Богданци | 29 јануари 2020 (среда) | 11.00 | мерка 3 |

Јавниот повик може да се види на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/јавен-повик-бр-01-2019-за-доставување-на-бара/
Распоредот и програмата за инфо деновите достапни се на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/најава-за-инфо-денови-за-преработка-и-м

Инфо деновите се наменети за информирање на сите потенцијални баратели за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020.

Јавниот повик бр.01/2020 е објавен на 29-ти февруари 2020 година за мерка 1: Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства. За време на почетокот на КОВИД-19 пандемијата и поради одлука на владата на РСМ како и воведување на вонредната состојба, Јавниот повик е ставен во мирување и истиот беше реобјавен на 24 јуни 2020. Крајниот рок за поднесување на барањата е 3-ти август 2020 година. Подолу се дадени две табели на инфо денови кои беа одржани пред настанувањето на пандемијата односно нејзините реперкусии и табела откако заврши вонредната состојба во земјата односно Владата одобри одржување на настани со ограничен број на посетители.

| бр | локација | датум | време | мерка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зрновци | 18 февруари 2020 (вторник) | 11.00 | мерка 1 |
| 2. | Македонска Каменица | 18 февруари 2020 (вторник) | 15.00 | мерка 1 |
| 3. | Зелениково | 19 февруари 2020 (среда) | 10.00 | мерка 1 |
| 4. | Чашка | 19 февруари 2020 (среда) | 14.00 | мерка 1 |
| 5. | Ст. Нагоричане | 20 февруари 2020 | 10.00 | мерка 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *(четврток)* | | |
| **6.** | *Арачиново* | *20 февруари 2020 (четврток)* | *14.00* | *мерка 1* |
| **7.** | *Ѓорче Петров* | *21 февруари 2020 (петок)* | *10.00* | *мерка 1* |
| **8.** | *Чешиново – Облешево* | *28 февруари 2020 (петок)* | *11.00* | *мерка 1* |
| **9.** | *Пробиштип* | *28 февруари 2020 (петок)* | *15.00* | *мерка 1* |
| **10** | *Желино* | *3 март 2020 (вторник)* | *10.00* | *мерка 1* |
| **11** | *Теарце* | *3 март 2020 (вторник)* | *14.00* | *мерка 1* |
| **12** | *Гостивар* | *4 март 2020 (среда)* | *10.00* | *мерка 1* |
| **13** | *Ростуше* | *4 март 2020 (среда)* | *14.00* | *мерка 1* |
| **14** | *Кисела Вода* | *5 март 2020 (четврток)* | *9.30* | *мерка 1* |
| **15** | *Студеничани* | *5 март 2020 (четврток)* | *13.30* | *мерка 1* |
| **16** | *Ново Село* | *6 март 2020 (петок)* | *11.00* | *мерка 1* |
| **17** | *Босилово* | *6 март 2020 (петок)* | *15.00* | *мерка 1* |
| **18** | *Могила* | *10 март 2020 (вторник)* | *11.00* | *мерка 1* |
| **19** | *Кривогаштани* | *10 март 2020 (вторник)* | *15.00* | *мерка 1* |
| **20** | *Демир Капија* | *11 март 2020 (среда)* | *11.00* | *мерка 1* |
| **21** | *Валандово* | *11 март 2020 (среда)* | *15.00* | *мерка 1* |

Информации за информативните и едукативни настани се објавени на следниов линк на страницата на Телото за управување со ИПАРД односно www.ipard.gov.mk, однсно: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/Програма-за-инфо-денови_мерка-3_јануари_2020-година.pdf
https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/ИНФО-ДЕНОВИ-ЗА-МЕРКА-3-_ЈАНУАРИ-2020.pdf

Кампањата за информирање и едукација за ИПАРД 2014–2020 по направената пауза поради КОВИД-19 вирусот, на 20 јули 2020 година продолжи со своите активности во неколку општини низ земјата. Инфо средбите беа во насока на информирање на сите заинтересирани лица за Мерка 1, Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства од ИПАРД Програмата 2014-12020. Според прописите корисници на Мерка 1 може да биде Земјоделско стопанство, физичко лице (носител на семејно земјоделско стопанство), индивидуален земјоделец – ИЗ, правно лице и задруги, кои што имаат производни капацитети од растително или сточарско производство.
По новиот протокол, инфо средбите се реализираа на отворен простор, а на влезот на секоја локација беа поставени 2 пулта, од кој што на Пулт 1 се мереше телесната температура на секој посетител, се дезинфицираа рацете и се даваше заштитна маска, доколку учесникот не носи со себе. На Пулт 2 се спроведуваше евиденција за присутност, се доставуваше рекламен материјал и освежителен пијалак, вода или сок.

Фокусот на презентациите на инфо деновите беше ставен на мерката 1 меѓутоа презентерите одговараа на прашања и за другите две мерки, односно мерка 3 и 7. Инфо деновите се организираат со цел потенцијалните корисници на ИПАРД 2014-2020 да се информираа/дискутираат за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој- ИПАРД 2014-2020. Истите беа организирани во следниве општини/ рурални места и термини:.

| ***бр*** | ***локација*** | ***датум*** | ***време*** | ***мерка*** |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *Боговиње* | *20 јули 2020 (понеделник)* | *10.00* | *мерка 1* |
| *2* | *Врапчиште* | *20 јули 2020 (понеделник)* | *14.00* | *мерка 1* |
| *3* | *Демир Капија* | *21.07.2020 (вторник)* | *11.00* | *мерка 1* |
| *4* | *Валандово* | *21.07.2020 (вторник)* | *15.00* | *мерка 1* |
| *5* | *Вранештица* | *22.07.2020 (среда)* | *11.00* | *мерка 1* |
| *6* | *Пласница* | *22.07.2020 (среда)* | *15.00* | *мерка 1* |
| *7* | *Другово* | *23.07.2020 (четврток)* | *11.00* | *мерка 1* |
| *8* | *Демир Хисар* | *23.07.2020 (четврток)* | *15.00* | *мерка 1* |
| *9* | *Неготино* | *24.07.2020 (петок)* | *10.00* | *мерка 1* |
| *10* | *Кавадарци* | *24.07.2020 (петок)* | *14.00* | *мерка 1* |
| *11* | *Зајас* | *27.07.2020 (понеделник)* | *11.00* | *мерка 1* |
| *12.* | *Осломеј* | *27.07.2020 (понеделник)* | *15.00* | *мерка 1* |
| *13.* | *Конче* | *28.07.2020 (вторник)* | *11.00* | *мерка 1* |

Јавниот повик 01/2020 може да се види на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/нови-информативни-и-едукативни-денов/

Програма и распоред на одржување на инфо деновите е достапна на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/инфо-денови-за-мерка-1-од-ипард-програма/
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/нови-информативни-и-едукативни-денов/

Програма и распоред на одржување на инфо деновите е достапна на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/инфо-денови-за-мерка-1-од-ипард-програма/
http://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/10/Програма-за-инфо-ден-за-ИПАРД-2014-2020.pdf
Најчесто поставувани прашања се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк: http://ipard.gov.mk/mk/cpp/
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк: http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 2. Организирање на ИПАРД форум

**Форум во Берово, октомври 2020 година**
Секторот за управување со ИПАРД фондови при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство  одржа Форум за унапредување на спроведувањето и користењето на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020. На 6-ти и 7-ми октомври 2020 година, во хотел Аурора во Берово, се одржа дводневниот форум каде што беа претставени ИПАРД можностите за македонските рурални средини.На Форумот со свои презентации учествуваа Секторот за одобрување на проекти и Секторот за одобрување на исплати од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, под модераторство на Телото за управување со ИПАРД.
Презентациите и дискусиите се однесуваа за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства„, Мерка 3 „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ и Мерка 7 „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“. За сите мерки посебно беа објаснети начините за поднесување на барања за финансиска поддршка и барањата за исплата, и особено сите потребни документи при поднесувањето на барањата.

Преку дискусиите кои се отворија се надминаа неколку отворени прашања и се донесоа заклучоци за понатамошно постапување.

- Претставникот од Агенција за вработување информира дека образците М1 /М2 се валидни и единствени образци кои АВРМ ги издава, а со нив се потврдува вработеноста на лицата баратели. Не постојат потврди и било какви други документи кои се издаваат и ИПАРД Агенцијата треба да ги зема предвид само М1/ М2 образците. Овие образци се валидни и без печат и потпис бидејќи така ги вади е-системот на АВРМ.
- Претставникот на АВРМ потврди дека образците М1/ М2 се валиден доказ дека управителот е во постојан работен однос.
- Издавањето на паушални потврди за стручно образование/обука од страна на АПРЗ само ја оптоварува АПРЗ. Претставникот од Центарот за образование на возрасни ја објасни процедурата за верификација на провајдерите на обуки и предложи во иднина да сертифицираат давачите на обуки и реално да го пренесуваат своето знаење до барателите.
- Работна група од ТУ, ИПАРД Агенција и Центар за образование на возрасни ќе рагледа и утврди за кои занимања ќе се бара сертификат за образование, бидејќи нема потреба од сертификат за образование за секое занимање, а во некои случаи и нема институција да издаде таков сертификат.
- Претставникот од МЖСПП детално ја објасни процедурата за обезбедување на дозвола за користење на подземна вода за наводнување. Во интерес на барателите ќе се направи упатство за легализација на бунари/бушотини за наводнување на земјоделски површини. Упатството ќе го изработи работна група од ТУ, ИПАРД Агенци
- Претставникот на МЖСПП потврди дека ниту МЖСПП ниту Општините не издаваат документ РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ОДОБРЕН АКЦИСКИ ПЛАН и истиот треба да се отсрани од листата на потребни документи во упатството и барањето.
- Треба да се унифицираат потврдите дека нема потреба од елаборат за заштита на животна средина за барател од мешовито земјоделско стопанство и да биде точно наведено дека потврдата се однесува на целото земјоделското стопанство, а не на делот со инвестицијата.
- Заради унифицираност потребно е да се направат темплејти на изјавите кои сами ги даваат барателите.

- Точно да се утврди за кого и на кого се однесува забраната за вршење дејност. ИПАРД Агенција ја бара само во случај кога барател е правно лице, а треба и за физички лица и управители. Да се провери во Централен Регистар!
- Потврдите дека инвестицијата е во согласност со стратегијата за локален економски развој треба да се унифицираат. Секоја општина доставува различни, а во многу случаи и погрешни потврди.
- Одобрението за градење треба да се прифаќа и во електронска форма, исто како што инвеститорите го поднесуваат до општините за одобрување (е-одобрение).
- И покрај постојаните подобрување на барањата од аспект на прецизно дефинирање на потребните документи, нивниот формат и извор (точно наведување на техничкото тело што го издава), постои потреба за додефинирање на барањата (во кој случај и за кои корисници се бара одреден документ).
- При разгледувањето на двете барања (за финансиска поддршка и исплата) за било која мерка, утврдено е неусогласеност во дефинирањето на документите (истиот документ различно се нарекува во проекти и исплата) или пак во Секторот за одобрување на исплати се бараат документи кои претходно барателот ги доставил во Секторот за одобрување на проекти.

Програмата од форумот е достапна да се види на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/category/forumi/
Најчесто поставувани прашања се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

**Форум во Валандово, ноември 2020 година**
Со цел информирање/размена на искуства со вработените во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за условите кои ги нуди Кампањата за Публицитет на ИПАРД Програмата и за постигнување на посеопфатна анализа на спроведувањето на Кампањата и прецизно лоцирање на проблемите во текот на реализацијата, на 9ти и 10ти ноември 2020 година, се одржа форум во Валандово на кој активно учество земаа Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД фондовите. Форумот беше организиран во Валандово меѓутоа од причини што владее светска пандемија на КОВИД-19 дел од учеснбиците беа присутни преку користење on-line комуникација. Форумот започна со Презентација на досегашните достигнувања на Кампањата за Публицитет на ИПАРД, за понатаму да продолжи со дискусија за корисноста и успешноста во информирањето на печатениот материјал, видео спотовите и секако веб страницата на Телото за управување со ИПАРД.
Беа презентирани и идните планови за публицитет во периодот на завршување на ИПАРД 2014-2020 и почнување на следниот програмски период на ИПАРД во однос на дистрибуција на материјали. Еден од предлозите за дистрибуција на материјалите беше и изработка и дистрибуција на ЦД материјали, покрај хард –печатени материјали.
Беше истакнато дека овој период потребно е да се искористи во насока на подготовка и изработка на илустрирана публикација за успешно реализираните проекти. Публикацијата успешно ќе биде реализирана преку користење на средствата со набавка преку мерката Техничката помош и истата се планира да биде со фотографии и корисни кратки информации во врска инвестициите/набавките на опрема.

Помеѓу другото беше дискутирано за развивање на електронски софтвер за аплицирање за ИПАРД средствата. Учесниците добија информација дека е во тек подготовка на ваков вид софтверско решение за аплицирањепо мерките на ИПАРД. Беше истакната разликата која постои во толкувањето на англиската и македонската верзија на ИПАРД Програмата секако поради непостоење на стручен превод. Од суштинско значење е и барањето на советниците на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството да се направат напори документацијата која се поднесува за аплицирање да има подолг рок на траење односно најмалку 1 година од нејзиното издавање од релевантната институција. Како проблем беше наведено дека сопствениците на сточен фонд, говеда и овци, не се во можност да аплицираат за ИПАРД средствата бидејќи истите не поседуваат земјиште или пасишта на подолго од една година додека по ИПАРД се бара договор за поседување на 7 години. Телото за управување со ИПАРД потврди дека е знае овој проблем и веќе се е покрената иницијатива и се водат разговори со ЈП за пасишта овој проблем да се реши во најкраток можен рок.
Во однос на точката за пристапот до потенцијалните корисници во посебни услови, една од советничките на АПРЗ даде предлог да се користи on-line комуникација преку институции кои можат да ја организираат ваков вид на комуникација односно општините, училиштата, домови на културата и слично.
Програмата од форумот е објавена на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/forumi/
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линкови:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 3. ИПАРД работилници

Во рамките на Кампањата за публицитетот на ИПАРД Програмата во 2020 година се одржаа три работилници за спроведување и користење на средствата од ИПАРД 2014-2020. Работилниците беа организирани и одржани во Битола, Штип и Куманово.

На работилницата во Битола, која се одржа на 30ти јануари 2020 година, беа поканети и присутни учесници од Телото за управување со ИПАРД фондовите, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, претставници на Агенцијата за храна и ветеринарство и претставници на Управувачката структура при Министерство за финансии. Работилницата беше наменета за согледување и презентирање на проблемите со кои се соочува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во процесот на пополнување на Барањата за аплицирање по ИПАРД Програмата. Европски можности за македонското земјоделство и руралниот развој се на дофат на земјоделците. Со објавување на јавниот повик за мерка 1 и со поддршка на АПРЗ на земјоделците во спремање на издржани и комплетни апликации се очекува да се искористат средствата за мерката 1 од ИПАРД. АПРЗ е значајна институција за земјоделците со својата советодавната активност и линк помеѓу земјоделците и останатите институции.
Програмата од работилницата е објавена на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/работилница-за-подобрување-на-корист-2/
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линкови:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

Следната работилница беше организирана во Штип на 22ри септември 2020 година. Поканети и присутни беа Телото за управување со ИПАРД фондовите, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството претставници на Управувачката структура при Министерство за финансии и претставници на приватните консултантски куќи/ компании во земјава. Дискусијата се водеше во насока на проблемите со кои се соочуваат советдавната служба и приватните консултанти во однос информирањето, аплицирањето по мерките на ИПАРД и секако успешноста на апликациите од страна на консултантите. Во дискусиите активно учествуваа сите учесници и врз основа на овие дискусии и искуства се појави потреба за организирање на форум со иста или приближно иста тема како и работа во групи.
Програмата од работилницата е објавена на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/rabotilnici/rabotilnici/одржана-работилница-на-тема-користењ/
Фотографии од работилницата се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линкови:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

Следната работилница и воедно последен настан од Кампањата за Публицитет на ИПАРД програмата е работилницата во Куманово во месец ноември 2020 година која всушност ги презентира резултатите од успешно спроведената Кампања како и информирање на пошироката јавност за начинот на организирање, постигнувањата и секако најава на идните чекори за нова кампања за Публицитет на ИПАРД Програмата.

## 4. Доставување на дирекни информации

Доставувањето на информации, преку телефон и електронска пошта, на потенцијалните корисници се врши во континуитет односно во повикувачкиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во последните шест месеци забележани се преку 290 повици и реализирани се преку 90 посети на потенцијални корисници во просториите на Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД. Податоците за промотивни активности на Агенцијата се вклучени во месечните извештаи за Телото за управување со ИПАРД. Прашања кои беа поставени преку веб страницата на Агенцијата се во врска објавувањето на Јавниот повик за мерка 7, Кога ќе биде објавен Јавен повик? Дали земјоделските задруги може да аплицираат по мерка 7 и слично.
Прашањата и одговорите кои ги поставуваат заинтересираните странки, по електронска пошта и на настаните кои ги организира ТУ со ИПАРД фондовите, се објавуваат на веб страниците на ТУ со ИПАРД фондовите и АФПЗРР. Повеќе информации може да се видат во делот на Најчесто поставувани прашања и одговори во врска ИПАРД 2014-2020 на линкот:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/

## 5. Појавувања во национални и локални медиуми

Појавувањата, соопштенијата и информации за ИПАРД 2 Програмата континуирано се објавуваат во медиумите и покрај пандемијата од КОВИД-19. Со објавување на Јавниот повик 01/2020 година за мерка 1 Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства, и организирањето на настаните за промоција на ИПАРД Програмата, имаше зголемен број на појавувања, соопштенија за медиумите и

интервјуа на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали (преку 450 појавувања) Дел од соопштенијата и интервјуата може да се видат на следниве линкови:
https://www.brif.mk/intervju-na-agrotim-so-nikolche-babovski-brisel-ne-potvrdi-kako-lideri-vo-iskoristenost-na-ipard-vo-2020-povtorno-ke-vneseme-svezh-kapital-za-razvoj-na-agrarot/
http://mrt.com.mk/node/53997
http://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=881
https://lokalno.mk/babovski-brisel-ne-potvrdi-kako-lideri-vo-iskoristenost-na-ipard/
https://4news.mk/babovski-napravivme-uspeshna-ipard-prikazna/
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=322283
https://www.biznisvesti.mk/raspored-za-info-denovi-za-merka-3-od-ipard-programata-2014-2020/
http://mrt.com.mk/node/54092
https://lokalno.mk/dimkovski-i-babovski-na-info-denot-za-ipard-vo-strumitsa/
https://mia.mk/prerabotuvachkite-kapaciteti-od-sveti-nikole-zainteresirani-za-ipard-sredstva/
http://mrt.com.mk/node/54124
https://iportal.mk/makedonija/za-prvpat-posle-12-godini-drzhavata-nema-da-vrakja-evropski-pari/
https://mia.mk/me-unarodna-rabotilnica-vo-gevgeli-a-za-koriste-e-na-ipard-merkite/
https://republika.mk/vesti/ekonomija/dopolnitelen-rok-za-aplikacii-za-sredstva-od-merkata-3-od-ipard-2-programata/
https://frontline.mk/2020/02/17/pochnuva-kampa-a-na-info-denovi-za-merka-1-od-ipard-programata-2014-2020/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp
https://lokalno.mk/od-ipard-2-programata-na-raspolagane-9-2-milioni-evra-aplitsiraneto-od-deneska-do-14-april/
https://a1on.mk/economy/info-denovi-za-ipard-2/
https://kanal5.com.mk/articles/412655/veleshkite-zemjodelci-zainteresirani-za-ipard
https://kanal5.com.mk/se-odlozhuvaat-site-rokovi-i-otvoreni-povici-preku-nacionalnite-programi-i-ipard-2-programata/a417304
https://opserver.mk/politika/babovski-so-ipard-sredstvata-se-razviva-domashnata-ekonomija-i-se-otvoraat-novi-rabotni-mesta/
https://biznisregulativa.mk/mk-mk/Pages/Find/4746
https://opserver.mk/makedonija/posledni-denovi-od-ipard-info-karavanot/
https://www.brif.mk/ministerot-hodha-na-denovi-na-makedonskiot-med-pchelarski-turizam-inovatsii-subventsii-i-ipard-za-pogolem-razvoj-na-pchelarstvoto/
https://www.bankometar.mk/mzshv-odrzha-forum-za-unapreduva-e-na-sproveduva-eto-i-koriste-eto-na-ipard-2/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp www.mzsv.gov.mk, и други медиуми.
Во прилог 3 прикажан е дел од материјалот кој се однесува на Медиумите за ИПАРД–Press Kliping. Поради големината на прес клипингот даден е дел од материјалот.

## 6. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата

Предвидената активност согласно акциониот план за комуникација и публицитет за 2020 година за објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 е спроведена од страна на АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајните корисници е квартална и е објавена на веб страницата на Агенцијата (Прилог 4) на следниов линк http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Објавени листи за исплати реализирани во 2020 година се:

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 01.07.2020 до 30.09.2020**
[ мк]
**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 01.01.2020 до 30.06.2020**
[ мк]
**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 01.01.2020 до 31.03.2020**
[ мк]

## 7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства, Упатства, брошури и постери посветени на ИПАРД Програма 2014 – 2020

Со Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата изработени се и испечатени материјали за сите три мерки. За јавни повици материјалите ќе се прилагодат на измените со модификациите на ИПАРД Програмата и ќе се пуштата за печатење за планираните Јавни повици во февруари 2020 година за мерка 1 и други јавни повици што ќе се објават во 2020 година.
Материјалите за мерките во Кампањата се испечатени во полн тираж и истите се користеа /дистрибуираа до корисниците на инфо деновите, работилниците, форумите и останатите заинтересирани странки за аплицирање по мерките од ИПАРД како и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој. Материјалите се објавени во прилог на секој јавен повик објавен пред и за време на 2020 година и може да се видат на страницата на Телото за управување со ИПАРД, односно на следниве линкови:
http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/јавен-повик-бр-01-2019-за-доставување-на-бара/
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/јавен-повик-бр-01-2020-за-доставување-на-бара/

Упатството за постапка за изградба на објекти на земјоделско земјиште беше изработено од ТУ на ИПАРД и Секторот за управување на земјоделското земјиште земјишна политика при Министерството за земјоделство, шумарство и водосотопанство и достапно е да се види на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/Упатство-за-постапка-за-изградба-на-објекти-на-земјоделско-земјиште.pdf

Во тек е изработка на уште две дополнителни упатства во врска елаборатите за животна средина и условите за копање на бунари во подрачја каде не постојат системи за наводнување. Кога ќе бидат подготвни и одобрени истите ќе бидат објавени на веб страницата на Телото за управување на ИПАРД и доставени до другите институции инволвирани во аплицирањето за користење на средствата од ИПАРД Програмскиот период 2014-2020.

## 8. Изработка и објава на аудио и видео спотови

Во рамките на Кампањата за Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 година беа реализирани три видео спотови кои се однесуваа на сите три акредитирани мерки и тоа 1, 3 и 7. Видео спотовите се поставени на сајтот на Телото за упоравување со ИПАРД и истите се доставени до институциите за нивно прикажување и рекламирање.

Спотовите се со времетраење од 45 секунди и прикажувањето на видео спототовите се реализира преку националниот сервис односно Македонската телевизија и во времетраење на Јавните повици и најавите за Јавните повици, и тоа на МТВ1 во следниве термини: Утринска програма, пред Дневник 1, после Дневник 1 и пред Дневник 3. Албанската верзија на спотовите започна со емитување на Македонската телевизија – втора програма (МТВ2) пред Дневник 2 и во утринската програма. Спотовите за сите мерки се поставени на веб страницата на Телото за управување со ИПАРД (Прилог 6) на македонски јазик и воедно со англиски превод на англиската верзија на веб страницата:
http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## 9. Ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk

Надградба и одржување на интернет страницата www.ipard.gov.mk се реализираше континуирано во тек на 2020 година Во досегашниот период на реализација, изработен е нов дизајн на веб страницата. Во периодот од завршување на договорот досега се увиде дека не е потребно само ажурирање на содржината туку и континуирано подобрување и одржување на веб страницата. Преку мерката Техничка помош да се спроведе набавка за подобрување и континуирано одржувањето на страницата (мала набавка до 2500 евра). Договорот се склучи со компанијата БИВАС МЕДИА ГРУП од Скопје односно со компанијата која предходно ја дизајнираше, надгради и одржуваше страницата. Договорот е склучен за времетраење од две години и истиот ќе трае до првата половина на 2022 година.
Во тек на 2020 година страницата покажува добра статистика на посетеност и истата е прикажана во Прилог 2, и тоа:

- Корисници на веб страницата 18.362,
- Нови корисници 17.663,
- Вкупно прегледи на страницата 91.934.

Веб страницата бележи и податок за корисници по земји изразено во проценти, и тоа: од вкупните посети на веб страницата 89 % се регистрирани од Република Северна Македонија, Соединетите Американски Држави учествуваат со 2,53%, посети се регистрирани и од Германија, Србија, Грција, Албанија, Бугарија и други. Од графичкиот приказ прикажан во прилогот може да се воочи периодот кога расте посетеноста на страницата а тоа е периодот на активноста/ траењето на јавниот повик. Веб страницата редовно се ажурира со информации, соопштенија и новости кои се однесуваат на активности за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и може да се видат на веб страницата, додека многу повеќе информации се достапни и на линковите на другите веб страници, односно на линкот:
http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## *Прилог 1 - Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2020 година*

| Активност | Одговорност | Цели за реализација | Распоред за 2020 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери и можности за гарантен фонд | ТУ ИПАРД | 60 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД | 2 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања | ТУ ИПАРД и АПРЗ | 3 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Објавување на листата на крајни корисници | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020 | MA and IPARD Agency | 6000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 6000 | | | | | | | | | | | | |
| Дистрибуција на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ со ИПАРД | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на аудио и видео спотови | ТУ со ИПАРД | 2 | | | | | | | | | | | | |
| Ажурирање на веб страница ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| (сиво) подготвителни активнсоти | (темно сино) дистрибуција/ реализација на активностите |

## Прилог 2 Посетеност на ИПАРД веб-страницата

Analytics ipard.gov.mk All Web Site Data

Go to report

**Audience Overview**

Jan 1, 2020 - Nov 10, 2020

All Users
100.00% Users

Overview




| Users | New Users | Sessions |
|---|---|---|
| 18,362 | 17,663 | 28,607 |
| **Number of Sessions per User** | **Pageviews** | **Pages / Session** |
| 1.56 | 91,934 | 3.21 |
| **Avg. Session Duration** | **Bounce Rate** | |
| 00:03:07 | 45.31% | |




| | Country | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | North Macedonia | 16,350 | 89.19% |
| 2. | United States | 464 | 2.53% |
| 3. | Bulgaria | 146 | 0.80% |
| 4. | Germany | 128 | 0.70% |
| 5. | Italy | 118 | 0.64% |
| 6. | Serbia | 108 | 0.59% |
| 7. | China | 92 | 0.50% |
| 8. | (not set) | 77 | 0.42% |
| 9. | Albania | 76 | 0.41% |
| 10. | United Kingdom | 66 | 0.36% |

© 2020 Google

***Прилог 3 Медиумите за ИПАРД- Press Kliping***



ЗА НАС ИМПРЕСУМ МАРКЕТИНГ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ КОНТАКТ

Search...

Brif brif.mk

ДОМА МАКЕДОНИЈА АГРО БРИФ ЕКОНОМИЈА СВЕТ ХРОНИКА МАГАЗИН СПОРТ РАКУРС ВИДЕА

Status ALLEGRO MONDIVI

**Интервју на АГРОТИМ со Николче Бабовски: Брисел нѐ потврди како лидери во искористеност на ИПАРД, во 2020 повторно ќе внесеме свеж капитал за развој на аграрот**

Like 1 Tweet January 2, 2020 12:04

Like 1 Tweet

Неселективна исплата на субвенции, нови програми, Млад земјоделец, Рурална жена, ИПАРД, интервентни мерки, излегување во пресрет на земјоделците, исплата на заостанати субвенции, долгови на лозари во винарии, контроли на терен за да се спречи можна злоупотреба на субвенциите...списокот на сработеното на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој е долг.

КОРОНАВИРУС MK

koronavirus.gov.mk

СИТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОВИД-19 НА ЕДНО МЕСТО

Начин на употреба: Возрасни: 2 капсули 3 пати дневно, 30-60 минути пред оброк, со 1-2 чаши вода.

x2

Витки, а сити!

кои во рамките на семејството имаат месечни приходи помали од 29.000 денари.



16/11/2020 | Контакт / Ценовник Импресум

Пребарувај

Бизнис Вести

ЕКОНОМИЈА ФИНАНСИИ НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА МАРКЕТИНГ ПРЕТПРИЕМНИШТВО СВЕТ ЛОКАЛНО КОНТАКТ / ЦЕНОВНИК

ГЛАВНИ ВЕСТИ За прв пат во Општина Долнени отворена е Подрачна единица на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство



## Распоред за инфо денови за Мерка 3 од ИПАРД Програмата 2014-2020

08/01/2020 ФИНАНСИИ

Продолжува кампањата за информирање и едукација за инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој – ИПАРД 2014 – 2020, од страна на секторот за управување со ИПАРД фондовите при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во рамки на едукативната кампања, ќе се одржат инфо-денови во неколку градови, каде што заинтересираните граѓани и правни субјекти ќе можат да се информираат за постапките и условите за аплицирање со цел да добијат средства од оваа програма.

Заедно да направиме
добри дела кои ќе се паметат!
NLB Banka
НОВО
MULTI ESSENCE



понеделник, 16 ноември 2020 10:41:05 pm | Пребарување за | EN SHQ MK МАРКЕТИНГ

МИА

ПОЧЕТНА | МКД | СВЕТ | БИЗНИС | КУЛТУРА | ХРОНИКА | СПОРТ | ФОТО | ВИДЕО | ТИКЕР | КОНТАКТ | ИЗБОРИ

Дописници МКД | Општински вести

# Меѓународна работилница во Гевгелија за користење на ИПАРД мерките

Гевгелија е домаќин и организатор на дводневната меѓународна работилница за поддршка и подготовка на националната и локалната администрација, како и на локалните акциски групи за користење на новите мерки на ИПАРД програмата.

Илија Манолов, Гевгелија · 21 јануари 2020 13:47

Гевгелија, 21 јануари 2020 (МИА) – Гевгелија е домаќин и организатор на дводневната меѓународна работилница за поддршка и подготовка на националната и локалната администрација, како и на локалните акциски групи за користење на новите мерки на ИПАРД програмата.

Значајниот собир кој се одржува денеска и утре во присуство на претставници на Европската комисија, МЗШВ, националното тело за управување со ИПАРД програмата и локалните јавни власти го отвори Живко Брајковски, раководител на управниот орган за управување со ИПАРД програмата при МЗШВ, кој нагласи дека ресорното министерство и владата на Северна Македонија имаат големи очекувања од работилницата бидејќи во нашата земја веќе неколку години се спроведува мерката Техничка помош од која сепак биле апсорбирани малку средства, особено во пресрет на воведување на новите мерки.

**НАЈНОВИ ВЕСТИ**

16 ноември 2020 21:52
МИА Најави МКД

16 ноември 2020 21:50
МИА Најави – свет

16 ноември 2020 21:39
ВМРО-ДПМНЕ: Неспособноста на Заев и Димитров ги изминира нашите позиции во преговорите со Бугарија

16 ноември 2020 21:38
Советникот за национална безбедност на Трамп ја призна победата на Бајден

16 ноември 2020 21:21
ВМРО-ДПМНЕ: Податоците кои Царовска ги соопштува не се реални

КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕКСТОВИ & PR СООПШТЕНИЈА

evnonline.mk

ЗА НАС ИМПРЕСУМ МАРКЕТИНГ КОНТАКТ Monday, 16 November 2020 Search...

FRONTLINE.MK

ДОМА ДЕНЕС ПОЛИТИКА ОПШТЕСТВО ЕКОНОМИЈА ФРОНТ НАДВОРЕШНА МОЗАИК КУЛТУРА СПОРТ

Home ›

# Почнува кампања на инфо денови за мерка 1 од ИПАРД Програмата 2014-2020

Во најава е јавен повик за Мерка 1 – Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства. За таа цел, оваа недела, ќе се одржат информативни и едукативни денови во неколку места/општини низ државата за полесно спроведување и користење на ИПАРД 2014-2020 со особено внимание на мерката 1.

February 17, 2020 11:51 in Uncategorized



Share on Facebook Share on Twitter

Телото за управување со ИПАРД фондовите при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој продолжуваат со реализирање на Инфо денови за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој ИПАРД 2014 – 2020.

НАЈНОВО



Николов: На ВМРО-ДПМНЕ до вчера побитни им беа протестите по улиците, отколку здравјето на граѓаните

NOVEMBER 16, 2020



Во Грција 2.198 нови случаи на Ковид-19, починаа 59 лица, само 21 отсто слободни кревети на интензивна нега

NOVEMBER 16, 2020



Без разлика дали ќе почнеме пристапни преговори со ЕУ, треба да се фокусираме на реформите дома, смета Димитров

NOVEMBER 16, 2020

НАЈЧИТАНО



КАНАЛ 5 ТВ ВЕСТИ СПОРТ МАГАЗИН ПРОГРАМА ЕМИСИИ СЕРИИ ФИЛМОВИ ВЕБ ТВ

22:40 - ЕДНА Е МАЈКА (ПРЕМИЕРА) 23:55 - ИГРАНА СЕРИЈА (РЕПРИЗА) 06:55 - ВЕСТИ 07:00 - ЗДРАВО МАКЕДОНИЈО (УТРИНСКА ПРО

МАКЕДОНИЈА

# Се одложуваат сите рокови и отворени повици преку националните програми и ИПАРД 2 програмата

**Како што информираше на денешната прес-конференција министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Трајан Динковски, за ова Владата вчера на седница донела Уредба.**




Прегледи:
108

10 април 2020, 12:31

Сите сите рокови и отворени повици како за националните програми, така и за ИПАРД 2 Програмата во областа на земјоделството се одложуваат за времетраење на вонредната состојба во земјата поврзана со ширењето на коронавирусот, односно од денот на нејзино воведување до денот на завршување.

Понеделник, 16 ноември 2020 English Shqip Неделник Архива

Република online ВЕСТИ ИНТЕРВЈУА КОЛУМНИ СПОРТ СЦЕНА ЖИВОТ ДВОГЛЕД ТВИТОВИ Вести денес 112

# Дополнителен рок за апликации за средства од мерката 3 од ИПАРД 2 програмата

ЕКОНОМИЈА 01.02.2020 / 12:36



НАЈНОВО / ЕКОНОМИЈА

- Полнете резервоарите: Од полноќ поскапуваат горивата
- Бектеши задоволен, иако се искористени само 39 отсто од ваучерите за туризам
- Богов за Еуростандард банка: НБРМ постапи професионално, акционерот ја довел банкат...
- Бесплатни ковид-тестови за странските државјани, бараат од туристичкиот сектор
- Ни престои ново поскапување на струјата
- Да се затворат сите угостителски објекти до крајот на зимата, да се покаже дека не сме...
- Оштетени штедачи од „Еуростандард банка“: Се работи за организиран криминал
- Македонија ќе издвои 6,7 милиони евра за вакцината против Ковид-19

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за дополнителни 15 дена го продолжи рокот за аплицирање за мерката 3 „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибини производи“ која се финансира од ИПАРД 2 програмата. Наместо до 11 февруари сите заинтересирани, апликациите ќе може да ги доставуваат до 26 февруари. Рокот е продолжен на барање на заинтересираните странски.



***Прилог 4 Листи на крајни корисници***

